# ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА

**Друштвото за услуги КЕШ ФЛОУ МЕНАЏМЕНТ ПДОО Скопје**, со седиште на ул. "Пандо Кљашев" бр. 93, 1000 Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија и ЕМБС 7555920 (во понатамошниот текст: **Контролорот**) е трговско друштво кое што управува со платформа за финансиско посредување и други услуги (во понатамошниот текст: **Платформата**).

Платформата содржи „колачиња" кои се користат за собирање и обработување на податоци на **физичките лица кои пристапуваат на Платформата** (во понатамошниот текст: **Субјекти на лични податоци**).

Со оваа политика Контролорот ги известува Субјектите на лични податоци за суштинските податоци во врска со колачињата на Платформата кои што Субјектите на лични податоци треба да ги знаат.

За сите прашања што ги имате во однос на значењето на оваа Политика за колачиња можете да го контактирате офицерот за заштита на лични податоци на Контролорот: Кирил Симеоновски со телефон +389 77 676 878 и електронска адреса kiril.simeonovski@cashflow.mk.

## I. Што се колачиња?

Колачињата се текстуални датотеки со мали делови од податоци – како корисничко име и лозинка – кои се користат за да се идентификува Вашиот компјутер додека користите компјутерска мрежа. Колачињата се користат за да се идентификуваат одредени корисници и да се подобри Вашето искуство со прелистување веб. Кога колачето се разменува помеѓу вашиот компјутер и мрежниот сервер, серверот го чита идентитетот и знае кои информации конкретно да ви ги достави.

## II. Какви колачиња и за што ги користи веб-сајтот?

Кога го посетувате веб-сајтот cashflow.mk се користи колаче – услуга на трета страна Гугл Аналитика (Google Analytics) за собирање стандардни информации за пристапот и детали за однесувањето на посетителите, но на начин без да може некој да биде идентификуван, ниту е овозможено Гугл да ги открие идентитетот на оние кои го посетиле веб-сајтот cashflow.mk.

Веб-сајтот cashflow.mk не користи други колачиња.

## II.I. Какви колачиња и за што ги користи платформата?

Платформата cfmapp.com не користи колачиња.

## III. Дали можам да ги избришам или блокирам колачињата?

Субјектот на лични податоци преку неговиот компјутер односно интернет пребарувач може да ги избрише сите или некои колачиња**.** Притоа, Субјектот на лични податоци треба да има предвид дека бришењето на колачињата може негативно да влијае врз неговото користење на Платформата.

Слично, Субјектот на лични податоци може целосно да ги блокира постоечките или идните колачиња преку својот интернет-пребарувач. Сепак, Субјектот на лични податоци треба да знае дека ова може да го отежни или оневозможи пристапот до Платформата.